# Поволности за привлекување на СДИ и нееднаквиот третман на домашните инвеститори во Република Македонија

# Цел на анализата

- Да го истражи феноменот на нееднаквост на домашни и странски инвеститори во Република Македонија.
  - контекст
  - причини
  - можни последици
- Да поттикне дебата заснована на релевантни информации.
- Да посочи кон можни решенија од интерес за јавните политики.

# Контекст

- Постои глобален натпревар за привлекување на странски директни инвестиции (СДИ).
- Овој натпревар е извонредно интензивиран во изминатите 3 децении.
  - зголемен е бројот на учесници во натпреварот (држави, региони, градови)
  - заострени се “правилата“ на натреварот.
- Основно “оружје“ во овој натпревар се поволностите кои конкурентите им ги нудат на странските инвеститори.

# Контекст/СДИ поволности

- Во изминатите 3 децении доаѓа до **<u>рапидно зголемување</u>** на поволностите кои им се нудат на странските инвеститори.
  - од неколку илјади (пр. 4.000) УСД по создадено работно место
  - до стотици илјади УСД по создадено работно место

- Натпреварот е особено интензивен:
  - во особено пожелни индустрии (автомобилска, хемиска, итн.)
  - во областа на извозно-ориентираниот СДИ.
- Интензитетот варира по области (индустрии).

# Поволности во автомобилската, хемиската, и индустријата за електроника за

| Дата на проектот | Држава | Инвеститор | Износ на поволности по работно место (УСД) | Нови работни места |
|---|---|---|---|---|
| 1980 | САД | Honda | 4.000 | |
| 1983 | САД | Nissan | 25.000 | 1.300 |
| 1984 | САД | Mazda-Ford | 14.000 | 3.500 |
| 1993 | САД | Mercedes | 170.000 | 1.500 |
| 2000 | САД | Honda | 105.000 | 1.500 |
| 1991 | Португалија | Ford-Volkswagen | 255.000 | 1.900 |
| 1993 | Унгарија | GM | 300.000 | 213 |
| 1997 | Германија | Volkswagen | 180.000 | 2.300 |
| 1995 | Обединето Кралство | Dupont | 201.000 | 100 |
| 1996 | Германија | Dow | 800.000 | 2.000 |

Извор: (Oxelheim & Ghauri, 2004: 11), базирано на податоци компилирани од UNCTAD (1995), Moran (1999), Oman (2000), Loewendahl (2001); парцијално превземана табела.

# Контекст/СДИ поволности

- Заради заострувањето на условите,  натпреварот за СДИ во литературата се нарекува со термини како што се:
  - локациски турнир
  - трка до дното
  - војна во наддавање
- Се посочува ново-научената способност на инвеститорите да ги поттикнуваат конкурентите да наддаваат, во потрага по најповолен пакет на поволности.
- Битката меѓу конкурентите е исцрпувачка и има потенцијални штетни последици.

# Политика за привлекување на СДИ во Македонија/карактеристики

- СДИ поволностите се основниот инструмент за привлекување на инвеститори
- СДИ поволности се даваат за одреден тип на инвестиции:
  - вообичаено во производство
  - greenfield
  - извозно-ориентирани
  - засновани на софистицирани технологии

# Политика за привлекување на СДИ во Македонија

- Неколку клучни прашања во јавната дебата:
  - кој е ефектот од СДИ?
  - дискриминација на домашните инвеститори со поволностите што им се даваат на странските компании
  - недостаток на транспарентност за СДИ поволностите
  - квалитетот на работните места создадени преку СДИ поволности
- Фокусот на <u>оваа</u> анализа е на дискриминацијата на  домашните инвеститори.

# Дискриминација на домашните инвеститори

- Со тоа што им дава **поволности само на странски компании**, владата ги дискриминира домашните,
- **недоволно внимание им се посветува на домашните инвеститори** (не можат да добијат помош и во решавање на вообичаени, помали проблеми),
- **странските инвеститори се плаќаат со парите кои по основ на данок и давачки ги плаќаат домашните компании**, додека странските потоа се ослободени од овие давачки.
- домашните и странските компании се **формално правно изедначени**,
- аргументот за дискриминација е **измислен од опозицијата**,
- впечатокот дека домашните компании не добиваат доволно внимание е **погрешен**

# Дискриминација на домашните инвеститори

- Темата има **<u>значително присуство</u>** во медиумите,
- **<u>Основната димензија на нееднаквоста</u>** е таа помеѓу домашни и странски инвеститори. Нема пошироко толкување на феноменот на нерамноправност.
- Темата се наметнува како битно прашање на политичката агенда и политичките актори се позиционираат во однос на прашањето.
- **<u>Има малку податоци</u>** во дебатата, меѓу другото, и заради нетранспарентноста на владина политика за СДИ поволности.

# Анкета со бизнис секторот

- Интензитетот на ставовите на бизнис менаџерите не може да биде измерен преку проценка на интензитетот на медиумската дебата.
- Затоа се спроведе анкета со 268 менаџери од 268 компании, при што менаџерите беа прашани за нивните ставови во однос на владината политика за привлекување на СДИ.

# Колку сте запознаени со процесот на привлекување на странски инвестиции во РМ?



# Субвенциите за странските инвеститори се потребни...



# Субвенциите за странските инвеститори се со соодветна големина



# Со тоа што им дава субвенции на странски компании, државата ги дискриминира домашните фирми



# Политиката за привлекување на странски инвестициии почна да дава добри ефекти



# Директното помагање на одредени сектори преку субвенции на фирмите е корисно за економијата



# Заклучоци од анкетата

- Чувството на нееднаков третман кај домашните бизнис менаџери е **значително**.
- Ова чувство (во различен степен) ко-егзистира со ставовите дека:
  - субвенциите се потребни за да се привлечат странски инвеститори,
  - дека субвенциите се генерално корисни за економијата, и
  - дека политиката на владата дава добри ефекти

# Наоди од  споредбената пракса

- Има индикации дека чувството на дискриминација кај домашните компании е **честа појава** во држави кои спроведуваат политика на привлекување на СДИ со помош на значителни поволности (земјите од ЦЕЕ, Србија, итн.).
- Феноменот е документиран во литературата за СДИ.
- Темата за дискриминацијата се наметнува на политичката агенда и **може да влијае на курсот на државните политики за привлекување на СДИ.**
- Можни се неколку сценарија:
  - политиката за СДИ поволности се менува заради аргументот за дискриминација (Словачка, 2000)
  - политиката за СДИ поволности опстанува и покрај политички реакции (Чешка, во 90те)
  - политиката се прилагодуваа за да се стиша/елиминира аргументот за дискриминација
- Аргументот за декларативната нормативна еднаквост на домашните и странски инвеститори често се користи за **затскривање на реалната де-факто нееднаквост** која што постои.

# Можни последици од нееднаквиот третман

- Можните последници од нееднаквиот третман (посочени во споредбената пракса)  вклучуваат:
  - Намалување на домашните инвестициии.
  - Одлив на домашен капитал во странство ( вклучително, каде што како странска инвестиција ќе има можност за поволности)
  - т.н. феномен на “патување со повратен билет (round-tripping) при што домашниот капитал излегува од државата и се враќа “преправен“ како странски капитал со цел да има пристап до поволностите.
- Најсериозна можна последица е обесхрабрувањето на домашните инвестиции.

# Заклучоци

- Формално правното изедначување на домашните и странските инвеститори **не е доволно** за да се елиминира чувството на нееднаков третман.
- Потребна е **ефективна демонстрација на реална еднаквост.** Споредбената пракса покажува дека таква ефективна демонстрација е на пример статистиката дека домашните компании добиваат подеднакво, а можеби и повеќе поволности од странските инвеститори, под еднакви услови.
- Клучен предуслов за ова е поголемата транспарентност во менаџирањето на СДИ поволностите.

# Препораки

- отварање на конструктивна дебата со политичките актери и бизнис заедницата за императивите на политиката на СДИ поволности, заснована на зголемена транспарентност,
- градење на робустни механизми за **транспарентно мерење** на ефектите, и на можните последици
- создавање на услови за **ефективна демонстрација на реална еднаквост** на домашните и странските инвеститори во однос на пристапот до СДИ поволности,
  - Најавата на домашни компании во Бунарџик  - чекор кон таква демонстрација.
- **проширување не дебата за нееднаквоста** која резултира од СДИ поволностите, со цел да се опфатат пошироки  прашања кои се однесуваат на социјалната правда, конкретно намалување на фискалната база за јавни услуги (со особен акцент на услуги за посиромашните граѓани) наспроти дарежлива поддршка на богати мултинационални компании.
- правење почетни чекори за **регионална дебата за политиките на СДИ поволности** за странски инвеститори.

# Благодариме за вниманието